# Обезбедување на соодветни ревизорски докази

**д-р Иван ИГЊАТОВ,**

*CSA, CMC, CFF, CFE, CA, ToT, ISO 27001/37001/9001*

# Иван Игњатов

- 20 години работно искуство / д-р по економски науки во областа на ревизијата
- Државен завод за ревизија / Европски суд на ревизори
- Ревизорско тело за ревизија на инстументот за претпристапна помош (ИПА) (Помошник Главен ревизор за областа образование, вработување, и социјални политики
- Предавач во ЦЕФ, Љубљана (ревизија на успешност и ИПА проекти)
- Предавач при УГД „Гоце Делчев“ Штип и Меѓународен Балкански Универзитет
- Овластен државен ревизор
- Овластен сметководител
- Овластен истражител на измами
- Овластен вештак во областа на финансико и материјално работење
- Овластен менаџмент консултант
- Овластен ревизор / Раководител на ревизија за ИСО 27001/37001/9001

# ФАЗИ ВО РЕВИЗИЈАТА



**ПЛАНИРАЊЕ**




**ТЕСТИРАЊЕ**




**ИЗВЕСТУВАЊЕ**




**СЛЕДЕЊЕ**

# Зошто ни се потребни ревизорски докази?

# Зошто ни се потребни ревизорски докази?

- Квалитетот на ревизијата

- Согласност со законска регулатива (стандарди)

- **Ревизорите можат да бидат субјект на ревизија**

# Ревизорски доказ

- ”Ревизорот треба да прибави **достатно соодветен ревизорски доказ** за да биде во состојба да извлече **разумни заклучоци** на кои ќе го заснова **ревизорското мислење**”. (МСР 500)

- “Внатрешните ревизори треба да идентификуваат достатно веродостојни, релевантни и корисни информации за да ги постигнат целите на ангажманот.” (IIA **2310)**

# Целта на ревизорската документација

Ревизорската работа мора да се документира во сите фази на ревизијата така да оној што го врши прегледувањето може да го следи логичниот тек почнувајќи од стратешкото планирање на ревизијата, па се до завршување на задачата и известување.



# Целта на ревизорската документација

Ревизорската документација треба:

- да помогне во контрола на ревизијата
- да ја олесни контролата на квалитет
- да ги докаже наодите
- да обезбеди докази во случај на спор
- да ја подобри ефикасноста преку стандардизација
- да ги исполни професионалните барања согласно стандардите



# Ревизорска документација

- Соодветна ревизорска трага - процесот на ревизија треба да бидат добро снимен и евидентиран.

- Сите важни одлуки донесени во текот на ревизијата и основните размислувања треба да се евидентираат во пишана форма.

# Ревизорска документација

- Главните цели на документација (покрај помагање на ревизорскиот тим) се:
  - ✓ за се евидентираат соодветени ревизорски докази за поддршка на заклучоците и одлуките од ревизијата,
  - ✓ да обезбеди докази со цел да му се помогне на менаџментот
  - ✓ да се овозможи работата да се разгледа од страна на менаџментот.

- Треба да се обезбеди разумно уверување за квалитетот на информациите



# Ако не сте сигурни каде одите, најверојатно ќе завршите на некое друго место

# Ревизорска документација

- Доказите е потребно да се доволни, релевантни и сигурни за поддршка на наодите.
  - Ревизорските докази кои се собрани треба да бидат:
    - доволни (во количина),
    - релевантни (во однос на ревизорските прашања), и
    - сигурни (објективни).

- **Доказите се посилни кога се обезбедени од повеќе различни извори**!!!

# Ревизорски доказ

- Ревизорски доказ треба да биде:
- Материјален,
- Достатен,
- Релевантен,
- Веродостоен.

# Ревизорски доказ

- **Материјалноста** е израз кој се користи за да се дефинира **релативната важност** на еден систем, постапка или информација за функционирањето на организацијата или салдо во финансиски извештаи.
- **Достатноста е квантитативниот аспект на доказот** – колку докази сакаме да собереме
- **Соодветноста се однесува на квалитативните аспекти на доказот** – важноста во однос на ревизорските цели
- Од ревизорот професионално се бара да ја оценува секоја од овие карактеристики како **релевантен доказ и веродостоен доказ**

## Веродостоен доказ

- Директно ревизорско знаење стекнато преку **физичко прегледување, набљудување или повторна пресметка** од ревизорот на некое салдо, е вообичаено **поверодостојно** отколку индиректен доказ добиен преку распрашување / интерју.

- **Доказ од трети страни е поверодостоен** отколку доказ прибавен внатре во организацијата.

На пример, доказ добиен директно од банката за депозити или банкарски пречекорувања во форма на официјален банкарски извештај е поверодостоен за ревизорот отколку кажаното на одговорниот на секторот за финансии во ревидираната организација дека банкарските салда се од определена вредност.

# Веродостоен доказ

- **Документираниот доказ е вообичаено поверодостоен** отколку усмениот доказ.
- **Доказ од потврдување со екстерни документи е поверодостоен** отколку тој добиен од потврдување со интерно генерирани документи.
- **Доказ добиен во услови на постоење на веродостојно контролно опкружување е поверодостоен** отколку тој добиен во контекст на неверодостојно или слабо контролно опкружување.
- **Помалку сложените ревизорски постапки често се поверодостојни** отколку сложените, иако целиот доказ кој го барате не ќе може да се добие со користење на едноставни техники во дадени околности.

# Извори на ревизорски доказ

- ***Доказ прибавен од ревизорот***
- ***Доказ обезбеден од надворешни извори***
- ***Доказ обезбеден од раководството***

# Работни документи




- Една од главните цели на пишување добри работни документи е да **се обезбедат докази** врз кои вие и вашите колеги може да ги направи вашите последователни изјави на уверување дека заклучоците се убедливо поткрепени.

- Ревизорската работа треба да биде документирана во сите фази на ревизијата

- ## Барања за ревизорски докази

## (Ревизорски докази) :

*„Ревизорот дизајнира и извршува ревизорски процедури кои се соодветни во околностите за целите на добивање на **доволно соодветни** ревизорски докази“.*





- СООДВЕТНИ ДОКАЗИ

1. Релевантност

2. Веродостојност



- **ОДГОВОР НА НЕДОВОЛНИ РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗИ**

*„ доколку ревизорот не добил доволно соодветни ревизорски докази за материјално тврдење во финансиски извештај, тој ќе се обиде да добие натамошни ревизорски докази.*

*Ако ревизорот не е во состојба да добие доволно соодветни ревизорски докази, тој ќе изрази квалификувано мислење или ќе се откаже од мислење за финансиските извештаи.“*

# *(Ревизорска документација)*

*„ревизорот подготвува ревизорска документација која е доволна за да му овозможи на искусен ревизор, кој претходно немал врска со ревизијата, да ги разбере:*

- Природата, тајмингот и степенот на спроведените ревизорски постапки;
- Резултатите од спроведените ревизорски постапки и добиените ревизорски докази; и
- Значајните прашања произлезени за време на ревизијата, соодветните донесени заклучоци, и значајните професионални расудувања направени при постигањето на тие заклучоци.“

# Ревизорски доказ

- Ревизорска трага

- Регулативата за финасирање секогаш специфицира дека за проектот или програмата треба да се оформи / да постои:
  - јасна,
  - документирана и
  - точна ревизорска трага.
- Ревизорот за да може да изврши ревизија треба да се осигури дека тој е запознаен со системите за управување и контрола и дека располага со соодветна, ажурирана ревизорската трага.

# РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗ

**Ревизорски докази мора да бидат:**

- **доволни**
- **релевантни**
- **компетентни**

# РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗ

**Доволен ревизорски доказ**

- Доказите се доволни ако има доволно од него да ги поддржи наодите на ревизорите, заклучоците и препораките.

- Ревизорот треба да провери:

- Дали има доволно докази за да убедат разумна личност за важноста и валидноста на ревизорскиот наод?

# РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗ

**Доволен ревизорски доказ**

Индикации за доволност вклучуваат:

- Успешноста на работењето се мери во однос на одредени критериуми (закон, регулатива, политика, постапка, договор, планирани резултат на тоа, итн.)
- Добиените докази треба да го објаснат проблемот (состојба), зошто тоа се случило (причина), и кои се последиците (ефект).

# РЕВИЗОРСКИ ДОКАЗ

**Доволен ревизорски доказ**

Факторите кои ја диктираат силата на доказите потребни за поддршка на набљудувањето во ревизијата, вклучуваат:

- ✓ нивото на материјалност или значењето на набљудувањето;
- ✓ Искуството стекнато во претходната ревизија;
- ✓ Запознаеноста со ревидираниот субјект чувствителноста на прашањето; и
- ✓ Трошоците за добивање на доказите во однос на бенефиции во смисла на поддршка на набљудувањето.

# Форма на Работни Белешки




Секоја Работна белешка, без разлика на видот на ревизијата треба да содржи некои основни елементи

- Клиент (организација, сектор)
- Кој го подготвил и кога
- Референцирање на ревизорското досие
- Целта на тестот и референцирање со ревизорска програма
- Метода на тестирање (деталите може да се остават во ревизорската програма)
- Резултатите од тестовите
- Заклучоци за резултатите (и вкрстено референцирање до резимираниот преглед за ревизијата или ревизорскиот извештај доколку е потребно)
- Иницијали и потпис на проверувачот (Контролирал)

# Ревизорско досие






ANY
QUESTIONS
?

# БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО